Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Министерството за правда врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-443/2021 доставено од

со адреса на

**донесе**

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-443/2021 с**е одобрува** и се дава следната информација:

1.- Министерството за правда, согласно одредбите на Законот за бесплатна правна помош, нема обврска да води статистички евиденции за видот на основот за одбивање на барањата за секундарна правна помош.

### Образложение

до Министерството за правда достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое побара да и биде дадена информација за основите на одбивање на барање за секундарна правна пмош (наведете број) – не е правно прашање, барањето е неоправдано, барањето е ненавремено или нецилисходно, барањето се однесува на правни прашања надвор од опсегот на ЗБПП, барателот не ги исполнува условите во текот на 2020 година за секое подрачно одделение одделно.

Министерството за правда го разгледа Барањето и достави одговор по истото.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА**
Раководител на сектор
Убавка Матевска

УП1 бр. 19-443/2021
04. 03. 2021 год


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification